(1)На статусот и другите прашања од работниот однос на административните службеници, другите вработени кои вршат помошно-технички работи кои немаат статус на државни службеници и овластените лица во областа на безбедноста-Пожарникари во Териториjална противпожарна единица во општината, се применува Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници, Законот за работни односи, Законот за пожарникарство, Законот за локалната самоуправа, Статутот на Општината, Колективните договори и општите прописи за работните односи.

### Член 4

(1)Овој колективен договор е задолжителен и ги обврзува работодавачот и вработените на негова непосредна примена.
(2)Овој колективен договор е задолжителен за сите вработени во Општина Гостивар.

### Член 5

(1)Со овој колективен договор можат да се утврдат само поголеми и поповолни права од правата предвидени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за локалната самоуправа, Законот за работните односи, друг закон, Општиот колективен договор за јавниот сектор и грански колективен договор, кои не се предвидени со наведените акти, ако тоа не е спротивно со закон.

### Член 6

(1)Одредбите во овој колективен договор со кои се утврдени помали или понеповолни права од правата утврдени со актите од став 1 на овој член се ништовни.

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406



(2)Со договорите за вработување или решенијата може да се утврди поголем обем на права за вработените, како и да се уредат прашања кои не се предмет на уредување согласно овој колективен договор.

## II. Права и обврски на вработените

### Вработување

### Член 7

(1)Работниот однос вработените во Општината го засноваат со склучување на договор за вработување, односно преку решение за вработување.
(2)Договорот за вработување се склучува, односно решението за вработување се носи на неопределено време, со полно работно време, односно неполно работно време.
(3)По исклучок работодавачот може да склучи договор, односно да донесе решение за вработување на определено време, со полно, односно неполно работно време, под условите и на начинот утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници и Законот за работните односи.
(4)Вработувањето во Општинита се врши согласно општите начела за вработените во јавниот сектор, класификацијата на работните места според групи и подгрупи на работни места и категориите и нивоата на работните места во јавниот сектор, утврдени во Законот за вработените во јавниот сектор, Каталогот на работните места во јавниот сектор и актот за внатрешна организација и систематизација на работните места.

### Член 8

(1)Пополнувањето на работно место на административните службеници се врши преку спроведување на постапка за:
-вработување;
-унапредување;
-мобилност преку распоредување или преземање, под условите и на начинот утврдено во Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административи службеници, друг закон и актот за систематизација на работни места на работодавачот.
(2)Вработените кои извршуваат технички и помошни работи во Општината се вработуваат согласно постапката за вработување во Законот за работните односи и овој Колективен договор.

(3) Вработените кои извршуваат работни задачи од областа на безбедност односно пожарникарство во Општината се вработуваат согласно постапката за вработување во Законот за пожарникарство.

## Обврски на вработените

### Член 9

(1)Вработените во Општина Гостивар се должни совесно да ја извршуваат својата работа на работното место за кое имаат склучено договор за вработување во време и места, кои се определени за извршување на работите, почитувајќи ја организацијата и деловната активност на работодавачот и општите и посебните прописи за безбедност и здравје при работа како и етичките стандарди и правилата на однесување од кодексот за Административни службеници.

### Член 10

(1)Вработениот е должен да врши и друга работа која не е предвидена со договорот за вработување, а е во рамките на неговата стручна подготовка, врз основа на писмен акт донесен согласно одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор од страна на работодавачот, се додека траат причините, но во ниту еден случај не подолго од шест месеци во една календарска година, и тоа во следните случаи:
-кога треба да се замени привремено отсутен работник;
-кога е зголемен обемот на работа;
-во случај на елементарна непогода која се случила или која се закaнува, вонредна состојба, ширење на заразни болести и слично.

### Член 11

(1)Вработениот во сите случаи кога врши работа која не е предвидена со договорот за вработување, или решението, согласно членот 10 од овој колетивен договор има право на плата и надоместоци на плата кои ги примал на неговото работно место, односно плата и надоместоци кои за него се поповолни и се пропорционално исплатени со времето поминато на другото работно место, зголемена за 20%, од платата на неговото работно место.

### Член 12

(1)Општите права и должности на вработените кои произлегуваат од работниот однос се уредени со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Закон за пожарникарство, Закон за локална самоуправа и други закони, општите прописи за работните односи и овој и друг колективен договор.

## Работно време

**Член 13**

(1)Работното време на вработените во Општината започнува помеѓу период од 07:30-08:30 часот, а завршува помеѓу период од 15:30-16:30 часот, од понеделник до петок и изнесува 8 часа дневно, односно 40 часа неделно.
(2)Работното време на овластените лица од областа на безбедност распоредени на работни места во ТППЕ Гостивар е во смени и тоа од 07:00-19:00 часот и од 19:00-07:00 часот.
(2)Работното време е флексибилно, согласно потребите на Општина Гостивар, но мора да се движи во периодите наведени во став 1 од овој член.
(3)За промена на работното време, Градоначалникот донесува Одлука за утврдување на работното време а во согласност со синдикатот.

## Паузи, одмори и отсуства

**Член 14**

(1)Вработените во општината имаат право на паузи, одмори и отсуства од работа, согласно со посебните закони, општите прописи за работните односи и колективните договори.
(2)Паузата во текот на дневната работа е во траење од 30 минути сметано од 11:00-11:30 часот.
(3)Во случаи каде според карактерот и природата на работите и задачите не се дозволува прекин на работата, како и во услови на работа со странки, паузата се организира на начин кој обезбедува работата да не се прекинува, а вработениот да го оствари непречено своето право.
(4)Времето на пауза на овој член се засметува во работното време и за истото се исплаќа плата.
(5)Вработениот во текот на календарскиот месец може да се јави со задоцнување а без притоа да биде санкциониран од работодавачот најмногу 4 часа во текот на месецот.
(6)Вработените имаат право на кумулативно 6 (шест) часа отсуство од работа поради приватни потреби во текот на еден календарски месец и едно отсуство не може да биде пократко од 1 час и подолго од 3 часа.

## Годишен одмор

**Член 15**

(1)Вработените во Општината имаат право на годишен одмор од 20 до 26 работни дена согласно Законот за работните односи.
(2)Повозрасните вработени и останати вработени имаат право на зголемено времетраење на годишниот одмор од дополнителни 3 работни дена согласно критериумите утврдени во членот 17 од овој колетивен договор.
(3)Годишниот одмор се користи во два дела, со што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.
(4)Критериумите за времетраењето на годишниот одмор се утврдени со овој Колективен договор.
(5)Вработениот има право три дена од годишниот одмор да ги искористи во денови кои што самиот ќе ги определи, за што мора да го извести работодавачот најдоцна 3 (три) работни дена пред користењето на истиот.

**Критериуми за утврдување на годишниот одмор**

**Член 16**

(1)Годишниот одмор на вработените од член 2 став 2 на овој Колективен договор се определува според следните критериуми:
-На вработените по основ на должината на работниот стаж им припаѓа годишен одмор и тоа:
1. од една до 10 години работен стаж - 2 работни дена;
2. од 10 до 15 години работен стаж - 3 работни дена;
3. од 15 до 20 години работен стаж - 4 работни дена;
4. од 20 до 25 години работен стаж - 5 работни дена;
5. преку 25 години работен стаж - 6 работни дена.
(2)На вработените по основ на стекнато образование согласно критериумните за пополнување на работното место на кое работи, им припаѓа годишен одмор за:
1. основно образование-1 работен ден,
2. средно или вишо образование - 2 работни дена;
3. високо образование (завршен VII/1 степен, стекнати 180 ЕКТС или 240 ЕКТС) - 3 работни дена.
(3)На вработените по основ на социјални и здравствени услови им припаѓа годишен одмор за:
1. самохран родител или старател со дете до 15 години - 2 дополнителни работни дена;
2. самохран родител, родител или старател со дете со посебни потреби - 2 дополнителни работни дена.
(4) Повозрасен работник, (со навршени 57 години старост за жени , односно навршени 59 години старост за маж), инвалид-работник со најмалку 60% телесно

оштетување, работник кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток, како и вработен кој е изложен на висок ризик и извршување на животно загрозувачка работа – овластено лице од обласста на безбедноста пожарникар во ТППЕ Гостивар, има право на уште три дополнителни работни дена годишен одмор.
(5) Во работниот стаж се засметува и времето кое го поминал вработениот на работа кај друг работодавач.
(6) Годишниот одмор определен согласно критериумите утврдени во ставот (1), ставот (2) и ставот(3) на овој член со овој колективен договор се продолжува најмогу до 26 работни дена, а може да трае најмогу до 29 работни дена согласно критериумите утврдени во ставот (4) на овој член.

**Член 17**

(1)Годишниот одмор се определува со решение за користење на годишен одмор за секој вработен поединечно, со кое се утврдува должината на годишниот одмор и критериумите врз основа на кои е определена должината на годишниот одмор.
(2)Вработениот е должен да поднесе барање за користење на годишен одмор 15 дена пред користењето на годишниот одмор.
(3) Работодавачот е должен решението од став 1 на овој член да му го достави на вработениот, најдоцна 10 дена пред денот на отпочнувањето на користењето на годишниот одмор, освен во вонредни случаи кога работодавачот има потреба за итна неодложна работа или вработениот има итна потреба за неодложни работи.
(4)Доколку вработениот не поднесе барање за користење на годишен одмор во предвидениот рок, нема да може да користи годишен одмор.
(5)Против ова решение незадоволната страна има право на жалба во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на решението до Агенцијата за администрација, односно до работодавачот.

**Платено отсуство**

**Член 18**

(1)Вработениот има право на платено отсуство заради лични и семејни околности до десет работни дена во текот на календарската година и тоа за:
- склучување на брак - 5 работни дена;
- склучување на брак на дете - 3 работни дена;
- раѓање или посвојување на дете - 3 работни дена;
- смрт на сопружник или дете - 5 работни дена;
- смрт на родител, брат, сестра - 3 работни дена;
- смрт на родител на сопружник - 2 работни дена;
- смрт на дедо или баба - 1 работен ден;
- полагање на стручен испит за потребите на работодавачот - 3 работни дена;

- полагање на испит за сопствени потреби - 3 работни дена;
- селидба на семејството од едно во друго место - 3 работни дена;
- селидба на семејство во исто место – 1 работен ден;
- елементарна непогода или неповолен климатски настан - 5 работни дена;
-елементарна непогода во домот (пожар, поплава и друг неповолен настан во домот за кој се доставува доказ) – 3 работни дена,
- прв ден на прваче - 1 работен ден;
- доброволно дарување на крв – денот на дарување на крв и 2 последователни работни дена кои треба да се искористат од денот на дарување на крв;
- за учество на манифестации на вработените организирани од страна на Синдикатот
(сите денови на одржување на тие активности).
(2)Отсуството од работа во смисла на став 1 на овој член се користи во деновите на траењето на основот.

### Неплатено отсуство

### Член 19

(1)Вработениот има право на отсуство од работа без надомест на плата и придонеси на плата најдолго три месеци во текот на календарската година во следните случаи:
-за нега на болен член на семејството;
-за лекување со сопствени средтсва, непризнаени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на своја сметка;
-за изградба, доградба, или поправка на куќа или стан;
-за учество во спортски или други манифестации што не се дел од синдикалните активности;
-за учество на конгреси, конференции и слично што не се дел од синдикални активности или не се за потребите на работодавачот;
-за подготовка на правосуден испит;
-за подготовка на магистерски труд или докторат и
-за други неодложни лични работи.
(2)Користењето на неплатеното отсуство се остварува врз основа на писмено барање од страна на вработениот до работодавачот, во рок од 20 дена пред да отпочне да го користи правото на неплатено отсуство, а во кое се наведува основот за неплатеното отсуство и времето на отпочнувањето на користењето на отсуството.
(3)Вработениот за користење на неплатено отсуство е должен до работодавачот да достави неопходна документација врз основа на која ке го оправда користењето на неплатеното отсуство.

(4)За користење на неплатеното отсуство се донесува решение, најдоцна 10 дена пред користењето на неплатеното отсуство.
(5)На вработениот му мируваат правата и обврските од работен однос за време на неплатеното отсуство.

**Мирување на работниот однос**

**Член 20**

(1)Работниот однос мирува во случаите определени со Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи.
(2)Во случај на престанок на причините за мирување на работниот однос, вработениот е должен да се врати на работа во рок од 5 дена и да биде распореден најмалку на истото ниво на кое бил пред започнувањето на мирувањето.
(3)За враќање на работа со истек на неплатеното отсуство односно престанок на причините за мирување на работниот однос, вработениот е должен да го извести работодавачот со писмено барање во рок од 5 дена пред престанок на неплатеното отсуство.

## III. Заштита и безбедност на вработените на работа

**Член 21**

(1)Вработените имаат право на обезбедени организациски, просторни и технички услови за вршење на работите и работните задачи.
(2)Работодавачот е должен да обезбеди услови потребни за безбедно извршување на работите и работните задачи на вработените преку примена на мерки, средства и методи во согласност со закон и другите прописи за безбедност и здравје при работа.

**Член 22**

(1)Вработениот е должен да се придржува кон мерките за заштита при работа и работите на работното место да ги врши со потребно внимание заради обезбедување на својот живот и здравје и на животот и здравјето на другите вработени и граѓаните.

**Член 23**

(1)Работодавачот е должен да обезбеди редовни медицински прегледи на секои 12 месеци заради откривање на професионални и други заболувања и нивно ефикасно лекување.

**Член 24**

(1)Во спроведувањето на мерките за заштита при работа, Синдикатот има право и обврска да:
- даде мислење во врска со планирањето, подобрувањето и унапредувањето на условите при работа;
- биде информиран и да се грижи за примената на прописите за безбедност и здравје при работа
- да ги информира и да бара заштита на вработените од страна на инспекцискиот орган за безбедност и здравје при работа, кога работодавачот пропушта, или одбива да го направи тоа.

(2)За остварување на правата утврдени во Законот за безбедност и здравје при работа, работодавачот е должен на претставникот на Синдикатот да му ги обезбеди сите услови и можности.

(3)Синдикатот, односно синдикалната организација започнува постапка пред надлежните органи, доколку работодавачот не ги преземе пропишаните мерки и средства за заштита на вработените при работа.

## IV. Плата, надоместоци на плата и други примања

**Плата**

**Член 25**

(1)Вработениот има право на плата, надоместоци и додатоци на плата согласно закон, општите прописи за работни односи, овој колективен договор и поединечните колективни договори.

(2)Платите, надоместоците и додатоците на плата на вработениот се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија, од буџетот на општината и од други извори на средства утврдени со закон.
(3)Синдикалниот претставник учествува во процесот на подготвување на буџетот на работодавачот.
(4)Платата на вработениот се пресметува во бруто износ, а се исплатува во нето паричен износ еднаш месечно во тековниот месец за претходниот месец.
(5)Платите на вработените во Општина Гостивар се состојат од компоненти и тоа: основна компонента и исклучителна компонента.
(6) Основната компонента на плата ја сочинуваат:
- дел на плата за степен на образование,
- дел на плата за ниво односно група и
- дел на плата за стаж.
(7) Исклучителната компонента ја сочинуваат:
- додаток на плата за посебни услови за работа,
- додаток на плата заради прилагодување кон пазарот на трудот и/или
- додаток на плата за ноќна работа, работа во смени и прекувремена работа.

(8)Вработените во Општина Гостивар имаат право на додаток на платата за посебни услови за работа, и тоа за работа изложена на висок ризик.

(9)Делот на плата за работниот стаж на вработените се вреднува во износ од 0,5% од деловите на платата за степен на образование и за ниво односно група, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

(10)Придонесите и персоналниот данок од доход на вработениот ги плаќа работодавачот државниот орган, локалната самоуправа, или институцијата, со исплата на платата во согласност со закон.

(11)Работодавачот е должен да води евиденција на платите, додатоците на платите надоместоците на платите и исплатените придонеси од плата и персоналниот данок од доход и за нив на вработените им се издава потврда дека се исплатени, најдоцна до 1 февруари во тековната година, за претходната година.
(12) Платите на вработените во Општина Гостивар кои вршат работи со полно работно време и нормален учинок, не смее да биде пониска од минималната плата утврдена со закон во Република Северна Македонија.
(13)Доколку во случај платата на вработениот во Општина Гостивар е пониска од минималната плата, Секторот за Финансиски прашања при општинската администрација на Општина Гостивар е должен на работникот да му исплати минимална плата.
(14)Вредноста на бодот, се утврдува со Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гостивар и сразмерно ќе се менува како за административните

службеници така и за работниците кои немаат статус на државни службеници и овластените лица од областа на безбедноста - пожарникари вработени во Територијалната противпожарна единица Гостивар во состав на Општина Гостивар.

**Плата на административните службеници**

**Член 26**

(1)Делот на плата за степенот за образование кое го стекнал административниот службеник се вреднува на следниов начин:

| **НИВО НА КВАЛИФИКАЦИИ /ОБРАЗОВАНИЕ/** | **БОДОВИ** |
|---|---|
| ниво на квалификации VIII, 480 кредити според ЕКТС или завршен VII/ 3 степен | 250 |
| ниво на квалификации VII, 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/ 2 степен | 225 |
| ниво на квалификации VI А, 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/ 1 степен | 200 |
| ниво на квалификации VI Б, 180 кредити според ЕКТС | 175 |
| ниво на квалификации V А, 120 кредити според ЕКТС или Вишо образование | 150 |
| ниво на квалификации IV, 240 кредити според ЕЦВЕТ ИЛИ МКСОО, или четиригодишно средно образование. | 100 |

(2) Делот на плата за нивото на кое е распореден административниот службеник се вреднува на следниов начин

| НИВО | БОДОВИ |
|---|---|
| А4 - секретар од четврто ниво | 596 |
| Б2 - раководен административен службеник од второ ниво | 496 |
| Б3 - раководен административен службеник од трето ниво | 406 |

| | |
|---|---|
| Б4 - раководен административен службеник од четврто ниво | 346 |
| В1 - стручен административен службеник од прво ниво | 281 |
| В2 - стручен административен службеник од второ ниво | 246 |
| В3 - стручен административен службеник од трето ниво | 231 |
| В4 - стручен административен службеник од четврто ниво | 201 |
| Г1 - помошно-стручен административен службеник од прво ниво | 196 |
| Г2 - помошно-стручен административен службеник од второ ниво | 181 |
| Г3 - помошно-стручен административен службеник од трето ниво | 166 |
| Г4 - помошно-стручен административен службеник од четврто ниво | 166 |

(3)Нивото на квалификации VII, 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/ 2 степен за кои се утврдуваат дополнителни 25 бода, и нивото на квалификации VIII, 480 кредити според ЕКТС или завршен VII/ 3 степен за кои кои се утврдуваат дополнителни 50 бода, ќе се вреднуваат само доколку работникот има завршени квалификации кои одговораат за извршување на работни задачи и обрвски кои одговараат за неговото работно место а ќе зависи од финансиските можности на работодавачот.

**Плата на помошно – техничките вработени кои немаат статус на административни службеници**

**Член 27**

(1)Основната плата на вработените во Општина Гостивар кои немаат статус на административни службеници, а вршат технички и помошни работи, се определува врз основа на видот, сложеноста, обемот и одговорноста на работите на работното место, стручната подготовка, стекнатите знаења и вештини на кои вработениот работи согласно договорот за вработување.

(2)Основната плата за одделни степени на сложеност за полно работно време и нормален учинок на лицата вработени во Општината кои вршат технички и помошни работи се утврдува по сложеност на работни места и тоа во следните групи:

**I. Група**

Работи кои подразбираат едноставен рутински труд кој не бара посебно образование:

- Хигиеничар/ка;
- Курир(доставувач);
- Кафекувар/ка.

**II. Група**

Работи и задачи на кои работата се повторува, со степен на самостојност во нивното извршување:

-КВ работник за одржување на објекти;
-КВ работник за одржување на опремата – оператор на систем;
- КВ работник за одржување на опремата – оператор на систем во с.Клечовце.

**III. Група**

Помалку сложени работи и задачи, со помош на едноставни средства на труд за кои се доволни усмени упатства:

работи и задачи на кои работата се повторува, со степен на самостојност во нивното извршување:

-Работник на приемен пулт (пријавница);
-Домаќин;
-Магационер;
-Координатор на достава-курир.

**IV. Група**

Сложени работи кои барааат особен степен на самостојност и одговорност во нивното извршување:

-Возач III;
-Чувар портир II;
Главен чувар – портир (одговорно лице за рекреативен центар Кеј и рекреативен центар Пелинце).

**V. Група**

Посложени работи и задачи кои бараат степен на самостојност во нивното извршување

-Возач II;
-Шеф на возен парк.

(3)Бодовите за горенаведените работни места по групи ќе утврдат со посебен акт кој е составен дел на овој колективен договор како прилог, помеѓу работодавачот и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија (УПОЗ) претставуван од

претседателот на Синдикатот и од претседателот на синдикалната организација при Општина Гостивар.

**Плата на вработените во Територијална противпожарна единица** Гостивар

**Член 28**

(1)Основната плата на вработените во Територијална против пожарна единица Гостивар во состав на Општина Гостивар, се определува врз основа на видот, сложеноста, обемот и одговорноста на работите на работното место, високиот ризик, стручната подготовка, стекнатите знаења и вештини на кои вработениот работи согласно договорот за вработување.
(2)Платите на вработените во Територијална против пожарна единица Гостивар во состав на Општина Гостивар, се утврдуваат со пресметка на вредноста на бодот, поаѓајќи од оцената за сложеноста, одговорноста и условите за работа. Платите се утврдуваат така што утврдените бодови за определено работно место се множат со вредноста на бодот.
(3) Утврдените бодови за работните места на вработените во Територијална против пожарна единица се множат со вредноста на бодот и истата вредност се зголемува со коефициент на сложеност од 1.20 согласно одредбите од член 13 од Законот за пожарникарство.
(4)Определените бодови за ниво на работните места на вработените во Територијална против пожарна единица соодејствуваат со бодовите за ниво на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација.
(5)Бодовите за работните места за вработените во Територијална против пожарна единица Куманово во состав на Општина Гостивар ќе се утврдат со посебен акт кој е составен дел на овој колективен договор како прилог, помеѓу работодавачот и Синдикатот на работниците од управата, правосудните органи и здруженијата на граѓани на Република Северна Македонија (УПОЗ) претставуван од претседателот на Синдикатот и од претседателот на синдикалната организација при Општина Гостивар.

**Додаток на плата за ноќна работа, работа во смени, работа во празник, прекувремена работа, и работа со висок ризик**

**Член 29**

(1)Вработениот има право на додаток на плата за:
- ноќна работа;
- работа за време на неделен одмор;
- работа за време на празници утврдени со закон и

- работа подолга од полното работно време.

(2)Основната плата на вработениот по час се зголемува за:

-ноќна работа по 35%;
- прекувремена работа по 35%;
- работа во ден од неделен одмор 35% и
- работа во три смени 5%.

(3)За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, вработениот има право на плата што му припаѓа во тие денови кога не работи и плата за поминатите часови на работа зголемена за 50%.

(4) Додатоците меѓу себе не се исклучуваат.

(5)По исклучок, работодавачот е должен на вработениот наместо парични средства да му овозможи користење на слободни часови, односно денови.

(6) соодветна храна или надоместок на трошоци за исхрана во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во Република Северна Македонија во претходната година, сразмерно за деновите кога работникот работи ноќе;

(7) Пожарникарите кои учествуваат во акција за гаснење на пожар подолго од четири часа, имаат право на исхрана на сметка на општината на чие подрачје се гасне пожарот, во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во Република Северна Македонија во претходната година сразмерно за деновите, односно часови кога работникот учествува во акција за гаснење на пожар.

**Член 30**

(1)Прекувремената работа, скратеното работно време, дополнителното работење и забраната за подолго работно време на административните службеници и другите вработени во Општината на неделно и на годишно ниво може да трае најмногу за времето и во случаите утврдени со Законот за работните односи. Прекувремената работа на неделно ниво не може да трае подолго од 8 часа неделно и 150 часа на годишно ниво.

**Член 31**

(1)Комуналните редари вработени во Секторот за инспекциски надзор-Инспекторат при општинската администрација во општина Гостивар поради посебните услови за работа и високиот ризик со кој се соочуваат при извршување на работните задачи имаат право на додаток на плата во висина од 15% од износот на основната плата, започнувајќи од денот на примена на овој колективен догоовр.

(2)Додатокот на плата на комунален редар етапно ќе се зголемува на следниот начин:

1) 5% за 2020 година;
2) 5% за 2021 година и
3) 5% за 2022 година.

**Член 32**

(1)Вработените административни службеници распоредени на работни места за извршување на работни задачи и обврски во Одделението за правни работи и имотно правни работи во Сектор за правни, имотно правни и општи работи при општинската администрација во општина Гостивар, кои имаат положен правосуден испит и работат на застапување на општината и преземање на сите правни дејствија во судските постапки за потреби на општината имаат право на додаток на плата во висина од 5% од износот на основната плата.

**Надоместување на трошоци поврзани со работата**

**Член 33**

(1)Вработениот има право на надоместување на трошоците поврзани со работата, како и други надоместоци, согласно општите прописи за работните односи и овој колективен договор, и тоа за:

- патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и странство;
- трошоци за погреб во случај на смрт на вработениот или член на неговото семејство (брачен другар и децата родени во брак или надвор од брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување);
- штета при елементарни непогоди;
- регрес за годишен одмор;
- Јубилејни награди, и
- трошок при подолго боледување на вработениот.

**Член 34**

(1)Основицата за пресметување на надоместоците на трошоците поврзани со работа претставува просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатата три месеци.

(2)Висината на трошоците од ставот 1 на овој член за секоја година се утврдува со Одлуката за извршување на Буџетот на единицата на локалната самоуправа.

**Член 35**

(1)Вработениот има право на надомест на трошоците поврзани со работа, утврдени со закон и колективен договор и тоа:

- дневница за службено патување во земјата;
- дневница за патување во странство согласно Уредбата за издатоците за службен пат и селидби во странство што на органите на управата им се признаваат во тековни трошоци;
- теренски додаток во зависност од обезбедените услови за работа на терен (сместување, исхрана и сл.);

## Дневница за службено патување во земјата и во странство

### Член 36

(1)На вработениот за време на службено патување во земјата надоместокот за дневница на Градоначалникот и општинската администрација без трошоците за ноќевање изнесува 8% од просечно исплатената плата по работник во предходни тримесеци.
(2)Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.
(3)За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.
(4)Износот на дневница за службено патување во странство се исплатува:
-50% од утврдената дневница, ако се поднесе сметка за сместување, како и во слачаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата;
-20% од утврдената дневница, ако издатоци за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управа;
-5% од утврдената дневница, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товат на органот на државната управа, а претстојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови на средби организирани во странство на мултилатерална и биталатерална основа.
(5) Пресметка на издатоци за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа:
-една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа;
-половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство, како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.
(6)Средства за службено патување во земјата и во странство треба да се предвидат во буџетот на Општина Гостивар.

## Право на регрес на годишен одмор

### Член 37

(1)Вработениот има право на регрес за годишен одмор во висина од 60% од просечната плата во Република Северна Македонија, под услов вработениот да работел најмалку шест месеци во календарската година во Општина Гостивар.
(2)Регресот за годишен одмор се исплатува еднаш во текот на календарската година, а најдоцна до крајот на тековната година.
(3)Средства за оваа намена треба да се предвидат во буџетот на Општина Гостивар.

**Јубилејни награди**

**Член 38**

(1)Вработените во Општина Гостивар имаат право на јубилејни награди во износ од:

- за 10 години стаж - 100 % од основица од една просечната месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните три месеци
- за 15 години стаж - 125 % од основица од една просечната месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните три месеци;
- за 20 години стаж - 150 % од основица од една просечната месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните три месеци;
- за 25 години стаж - 175 % од основица од една просечната месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните три месеци;
- за 30 години стаж - 200% од основица од една просечната месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните три месеци и
- за 40 години стаж - 225% од основица од една просечната месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните три месеци.

**Право на парична помош**

**Член 39**

(1)Во случај на смрт на вработен, на неговото семејство му се исплаќа парична помош во висина од 30.000 (триесет илјади денари).

(2)На вработениот во случај на смрт на член на потесното семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоените деца или деца земени на издржување) му се исплаќа парична помош во висина од 15.000 (петнаесет илјади денари).

(3)Членовите на потесното семејство на вработениот опишани во став 2 од овој член се докажуваат со документ за идентификација

(4)Во случај на непрекинато боледување, подолго од 6 месеци на вработениот му се исплаќа еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во Република Северна Македонија.

(5)Во случај на потешки последици од елементарни непогоди, работодавачот може на вработениот да му исплати парична помош, најмалку на една основица од неговата плата.

## Право на новогодишен надоместок

### Член 40

(1)Вработениот има право да добие и новогодишен надоместок.
(2)Новогодишниот надоместок е во висина од една просечна плата исплатена во Република Северна Македонија во последните три месеци, а ќе зависи од финансиските можности на работодавачот.
(3)Работниците на кои во текот на календарската година им е изречена дисциплинска мерка немаат право на новогодишен надомест.
(4)На работниците против кои се води дисциплинска постапка ќе им биде исплатен новогодишен надомест доколку се утврди дека не направиле дисциплински прекршок.

## Испратнина

### Член 41

(1)Вработениот кој заминува во пензија, има право на испратнина од најмалку две основици од просечната месечна нето плата исплатена во Република Северна Македонија во последните три месеци

## Плата за време на годишен одмор и специјализирана обука

### Член 42

(1)За време на годишниот осмор или обука за стручно усовршување на која е упатен од страна на работодавачот, вработениот има право на плата во висина што би ја примал во тековниот месец кога бил на работа.

## Плата за време на суспензија

### Член 43

(1)Вработениот кој врз основа на решение е суспендиран од работодавачот, за времетраењето на суспензијата има право на плата од 60% од платата што ја примил за последниот месец пред донесувањето на решението за суспензија.

## Плата за време на штрајк

### Член 44

(1)Вработените за време на штрајк имаат право на плата во висина од 80% од платата што ја примиле претходниот месец и придонеси од плата во цел износ.
(2)Доколку работодавачот на било кој начин го оневозможува правото на штрајк, вработените кои штрајкуваат имаат право на плата во висина од 100% од висината на платата која би ја добиле доколку не штрајкуваат.

**V. Информирање на вработените**

**Член 45**

(1)Работодавачот е должен да обезбеди редовно и навремено информирање на Претседателот на синдикалната организација на Општина Гостивар за:
-процесот на спроведување на вертикална функционална анализа кај работодавачот,
- изготвување на правилниците за внтарешна организација и систематизација на работните места,
-општите акти и одлуки со кои се уредуваат правата и обвсрките на вработените и
- други прашања од заеднички интерес, согласно општите прописи за работните односи и прописите за безбедност и здравје при работа.
(2)Информирањето се врши писмено.
(3)Начинот на информирањето се врши преку истакнување на огласна табла и по електронски пат.

**VI. Услови за работа и делување на синдикалната организација**

**Член 46**

Работодавачот е должен да создаде услови за работа на Синдикалната организација при општина Гостивар, односно синдикалната организација членка на УПОЗ (во понатамошниот текст Синдикатот или Синдикалната организација) во врска со заштитата на правата на вработените од работниот однос, утврдени со закон, и овој или друг колективен договор.

**Член 47**

(1)На барање на Синдикатот, работодавачот доставува податоци и информации за оние прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјалната положба на членовите на синдикатот (вработените) и ги разгледува мислењата и предлозите на синдикатот во постапката на донесување на одлуки и решенија што имаат влијание на материјалната и социјалната положба, односно во остварувањето на правата на вработените.

**Член 48**

(1)На претседателот на Синдикалната организација и на неговиот заменик, како и на членовите на органите, им се овозможува непречено комуницирање со одговорното лице на општината.

www.gostivari.gov.mk
info@gostivari.gov.mk
tel. +389 (0) 42 213 511
fax. +389 (0) 42 214 406



(2)Синдикатот на УПОЗ изготвува список на синдикални претставници - членови на Извршниот одбор на Синдикалната организација и именуваните претставници и го доставува до одговорното лице на општината, односно до соодветната организациона единица.

**Член 49**

(1)На барање на Синдикатот, работодавачот на претседателот на Синдикалната организација и на неговиот заменик им овозможува и обезбедува, стручни, административни и технички услови за работа заради остварување на синдикалните активности.
(2)Работодавачот им овозможува на синдикалните членови користење на салите за состаноци заради одржување на состаноци на Синдикатот кои по правило се одржуваат кон крајот на работното време, со претходна најава до одговорното лице на Општината за истиот ден но не повеќе од два дена од денот на доставување на барањето.
(3)За редовно остварување на синдикалните активности на претседателот на синдикалната организација, неговиот заменик и членовите на Извршниот одбор на Синдикалната организација да им се обезбедат и следните материјално-технички услови:
- умножување и печатење на материјали;
- користење на службено возило;
- телефон со излезна и интерна линија;
- интернет;
- простор за одржување на синдикални состаноци;
- и други услови неопходни за функционирање на Синдикалната организација.

Доколку постојат финансиски можности и кога општината на посебната сметка од сопствени примања има паричен приход, тогаш 2% од приходот се одвојува како финансиска поддршка за синдикалните потреби и активности.

**Член 50**

(1)Работодавачот е должен за Синдикатот да обезбеди пресметка и уплата на синдикална членарина по доставување на писмено известување од Синдикатот за висината на членарината. Таа се наплатува заедно со пресметката и исплатата на платата.
(2)Работодавачот е должен при исплата на платата да врши задршка и уплата на личните обврски на членот на Синдикатот (кредит, набавка на производи и стоки на рати преку Синдикатот).
(3)Членарината од членовите на Синдикалната организација се исплаќа на сметката на Синдикатот на УПОЗ кој потоа ја распределува согласно Статутот и другите акти на Синдикатот.
(4)Вработениот при стапување во Синдикатот потпишува пристапница.

(5)Стручната служба на Синдикатот на УПОЗ по добиената пристапница од Претседателот на Синдикалната организација ја известува службата за финасиско-сметководствени работи која е должна да ја пресметува и уплатува членарината.
(6)Работодавачот не смее да одбие издвојување на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку стручните служби на Синдикатот на УПОЗ уредно и навремено достават пристапница и одлуката од став 1 на овој член.
(7)Работодавачот може да ја запре пресметката и исплатата на членарината на одреден вработен само со претходно писмено известување од Синдикатот УПОЗ.
(8)Работодавачот не смее да ја запре исплатата на синдикалната членарина од платата на вработениот доколку тој лично и непосредно се обрати на работодавачот.

**Член 51**

Работодавачот може да учествува во трошоците на организирање за едукација и обука, културни манифестации и спортски игри и средби кои ги организира Синдикатот на УПОЗ.
Работодавачот и Синдикатот на УПОЗ можат да склучат и спогодба со која попрецизно ќе биде регулоран начинот на остварување на правата од ставот 1 од овој член.

**Член 52**

(1)Претседателот на Синдикалната организација при општина Гостивар, членка на УПОЗ, неговиот заменик и членовите на органите на синдикална организација имаат право на посебна заштита утврдена со ЗРО и колективните договори.
(2)Лицата од ставот 1 на овој член за време на нивниот мандат не можат да добијат отказ по ниту еден основ, и без нивна согласност не може да бидат распоредени на друго работно место.
(3)На лицата од ставот 1 на овој член, работодавачот треба да им овозможи несметано ангажирање за ефикасно вршење на функциите на синдикатот, за учество на синдикални состаноци, семинари, конгреси, конференции, учество на спортски натпревари и други синдикални активности согласно Статутот и програмата за работа со платено отсуство од работа за време на вршењето на посочените активности, и тоа:
- за претседателот и заменик претседателот на Синдикалната организација до 72 часа месечно;
- за членови на синдикалните органи и тела до 56 часа месечно.
(6)По предлог на Синдикатот и други членови на синдикалната организација може да користат платено отсуство за синдикални активности додека трае потребата од нивно ангажирање, но не подолго од 24 часа месечно.

**Член 53**

Членовите на Синдикатот кои учествуваат во синдикални спортски игри, натпревари и семинари се ослободуваат од вршење на редовните работни задачи за време на одржување на активностите од овој член, а за времето за кое се отсутни од работното место, се смета дека се на платено отсуство.

## VII. Остварување на правото на штрајк

### Член 54

(1)Правото на штрајк вработените во општината го остваруваат во согласност со Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административни службеници, Законот за работните односи, други закони, актите на Синдикатот и овој Колективен договор.
(2)Штрајкот мора да биде писмено најавен кај работодавачот.
(3)Во писмото со кое се најавува штрајкот мора да бидат наведени причините за штрајкот, местото на одржување на штрајкот, времетраењето, денот и времето на почетокот на штрајкот.
(4)При остварувањето на правото на штрајк вработените се должни да обезбедат минимум непречено извршување на функциите на Општина Гостивар и неопходно ниво на остварување на правата и интересите на граѓаните и правните лица.
(5)Штрајкот мора да биде организиран на начин со кој нема да се оневозможува или попречува организирањето и одвивањето на работниот процес за вработените кои не учествуваат во штрајкот, забрана за влез на вработените и на одговорните лица во деловните простории на Општина Гостивар.
(6)Градоначалникот на Општина Гостивар и Престедателот на Синдикатот на УПОЗ спгодбено подготвуваат и донесуваат правила со кои се определува начинот на извршување на надлежностите, односно дејностите од јавен интерес на општината за време на штрајк (кои не може да се прекинат), бројот на вработени кои ќе ги извршуваат надлежностите за време на штрајк, како и начинот на обезбедување услови за правото на штрајк.
(7)Доколку Градоначалникот и Претседателот на Синдикатот на УПОЗ не се договорат во врска со наведеното од ставот 6 на овој член, тогаш како работни задачи кои не смеат да се прекинат за време на штрајк, ќе се сметаат само работните задаќи кои се нужни а со чие прекинување би се предизвикала несразмерна штета за државата, гхрашаните и општината, која не би можела да се надомести со ниту една дополнителна мерка или активност по завршување на штрајкот.

### Член 55

(1)За време на штрајк вработените во Општината имаат право на плата согласно членот 42 од овој Колективен договор.
(2)За време на штрајк, работодавачот е должен на вработените во општината да им уплаќа придонеси на плата утврдени со посебните прописи и овој колективен

договор кои му припаѓаат на вработениот за време на штрајк, доколку штрајкот е организиран согласно Законот и правилата на Синдикатот.
(3)Вработените кои учествуваат во штрајк, не смеат да бидат ставени во понеповолна положба од другите вработени, поради нивното учество во штрајк.Работодавачот во ниту еден случај и по ниту еден основ не може да го ограничи правото на штрајк, директно или индиректно да влијае на волјата на вработените, ниту пак преку други лица да презема активности за спречување на штрајкот.
(4)Доколку веќе започнатиот штрајк се прогласи за незаконски, работодавачот не смее да даде откази на ниту еден вработен по основ на учество во штрајкот.

**Член 56**

(1)Пред започнување на штрајк, страните се должни да отпочнат постапка на мирење најдоцна 7 дена пред започнување на штрајкот.
(2)Страните во постапката за мирење учествуваат со добра волја и преземаат дејствија за надминување на причините за штрајк.
(3)Постапката за мирење трае до 3 дена.
(4)Доколку во постапката за мирење не е постигнат договор по прашањата кои се причина за штрајкот, штрајкот може да започне.
(5)Доколку во постапката за мирење се постигне договор меѓу страните, се склучува спогодба меѓу страните, со чие потпишување најавата за штрајк се повлекува.
(6)Постапката за мирење се води согласно Законот за мирно решавање на работните спорови.

**Член 57**

(1)Организаторот на штрајкот за времетраењето на веќе започнат штрајк, може истовремено да преговара со одговорното лице на општината за решавање на спорните прашања кои се причина за штрајкот.

## VIII. Одговорност за вршење на работите и работните задачи

**Член 58**

(1)Вработените во Општината се лично одговорни за вршењето на работите и на работните задачи од работното место.
(2)Одговорноста на вработените од ставот 1 на овој член може да биде дисциплинска/или материјална.
(3)Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на вработениот.
(4)Дисциплинската и/или материјална одговорност на вработените кои вршат помошно- технички работи и овластените лица во безбедноста- Пожарникари во

Територијалната против пожарна единица во Општина Гостивар ќе се води и утврдува користејќи ги одредбите од Законот за административни службеници и неговите подзаконски акти и општите прописи за работни односи.

## IX. Мирно решавање на работните спорови

### Член 59

